# СПЕЦИЈАЛНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ЖИВИ ЖИВОТНИ ПРИ ПРЕВОЗ СО (ЖЕЛЕЗНИЦА, КАМИОН, АВИОН, ПОШТА)

Ова осигурување започнува од моментот кога ќе почне натоварот и трае до моментот кога животните ќе го минат прагот на шталата, ако истоварот се врши во шталата, или до завршување на истоварот во местото одредено во полисата, како одредиште или како последна точка означена во полисата на осигурениот транспорт без оглед на тоа, Сали животните биле истоварени или не.

Осигурувачот ќе надомести штета што ќе се случи во транспорт на осигурената релација поради:

- угинување, кршење нозе, принудно колење, бегање од превозното средство, кражба и неиспорака, под услов:

1) животните пред натоварот да бидат потврдени за здрави и да не потекнуваат од подрачја во кои владее некоја заразна болест, како и да се способни за предвидениот транспорт. За споменатите услови мора да биде издадено уверение од овластен ветеринар;
2) по патот да биде организирана служба за хранење, поење, освежување и затоплување на животните;
3) транспортот да се врши со соодветни и погодни превозни средства.

Во случај на болест на животните, настаната за време на транспорт, осигуреникот или неговиот полномошник се обврзани преку превозникот да побараат помош од најблискиот ветеринар, заради спречување болести и за смалување на штетата во најмала мера, трошоците за лекување ги надоместува осигурувачот.

Осигурувачот нема да надомести штета која е последица на заразни болести кои постоеле пред почетокот на транспортот, као ни штета настаната поради погрешно вакцинирање, забрана за увоз или извоз или употреба на несоодветно превозно средство.

# СПЕЦИЈАЛНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ ПРИ ТРАНСПОРТ ПО КОПНО И МОРЕ

Ова осигурување започнува од моментот кога ќе почне натоварот и трае до моментот кога стоката не го мине прагот на складот, до завршување на истоварот во местото што во полиста е одредено како одредиште.

Осигурувачот по оваа полиса ќе надомести штета што ќе настане поради:

- кусок од било кои причини;
- прекумерно испарување;

Ако постои сертификат за званично мерење на ист начин при утовар и растовар.

Со одбитна франшиза во висина на природната загуба на нафта и нафтени деривати одредена, со прописи, или меѓународни узанси.

Со откуп на франшизата се брише клаузулата на франшиза.

Осигурувањето ќе важи под услов натоварот-истоварот да се врши со соодветни средства, како и траснпортот да се обавува во соодветни специјални превозни средства и во соодветна амбалажа.

Останатите услови и клаузули се идентични со условите и клаузулите од Општите услови за осигурување во поморски или копнен превоз.

# СПЕЦИЈАЛНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ СИРОВА СОЛЕНА И СУВА КОЖА ВО ТРАНСПОРТ ПО КОПНО И МОРЕ

Ова осигурување започнува од моментот кога ќе почне натоварот и трае до моментот кога стоката не го мине прагот на складот, во местото одредено во полисата како одредиште или последна точка, било да се истовари или не, на најмногу 10 дена по истоварот.

Осигурувачот ќе надомести штети кои се последици на:

- затоплување и потење;
- молци;

под услов стоката, пред натоварот претходнпо да е прегледана од страна на реномирана контролна куќа или од хавариски комесар на осигурувачот.

Евентуалните штети се плативи без франшиза.

Штетите мора да бидат констатирани со сертификат на реномирана контролна куќа или од хавариски комесари признати од осигурувачот, како и со потврда на превозникот или складиштарот.

# СПЕЦИЈАЛНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ЛИЧЕН БАГАЖ ВО ТРАНСПОРТОТ НА КОПНО И МОРЕ

Ова осигурување за почнува да тече од моментот кога, во полисата, опишаниот личен багаж, заради отпочнување на транспортот ќе ги напушти просториите на осигурениковиот престој во местото утврдено во полисата и трае се до пристигнувањето на багажот во просториите на осигурениковиот престој во местото коешто во полиста е наведено како одредиште. Осигурувањето важи и за време на престојот во пренокиште, гостилница, стан или друга просторија за време на патувањето.

Осигурувањето ќе важи само под услов осигуреникот - пред склучување договор за осигурување да прибави сертификат од хавариskиот комесар или царинските органи за содржината и состојбата на предметите што се наоѓаат во личниот багаж со посебни цени и количини.

Од осигурувањето се изема штета на пари, накит и хартии од вредност.

Штетите се констатираат со писмен записник на превозникот, гостилничарот или хотелиерот, станодавачот и осигуреникот, или со полиција.

Останатите услови и клаузули се истоветни со условите и клаузулите на Општите услови за осигурување стока во транспортот против сите ризици во копнен или поморски превоз.

## ИНСТИТУТСКА КЛАУЗУЛА ЗА ЗАМЕНА НА ОШТЕТЕНИ ДЕЛОВИ

Во случај на загуба или оштетување на некој дел или делови на осигурената машина, настанот од осигуран ризик, износот на надоместот од осигурувањето не може да биде поголем од трошоците за поправка или замена на тој дел или делови, зголемени за евнтуелните трошоци за превоз и оспособување, без трошоцоте за царина, освен ако целиот износ на царината не е вклучен во осигурената сума, во кој случај се надоместува и платената царина.

Обврската на осигурувачот не може да биде поголема од осигураната вредност на машината.

# СПЕЦИЈАЛНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА РИЗИКОТ РАСИПУВАЊЕ НА СВЕЖО ОВОШЈЕ, ЗЕЛЕНЧУК И ЈУЖНО ОВОШЈЕ (ОСВЕН КОНЗЕРВИРАНО) ВО ТРАНСПОРТ

Ова осигурување започнува од моментот кога стоката ќе биде натоварена на превозното средство и трае до завршување на истоварот во местото одредено во полисата како одредиште најмногу 48 часа по пристигнување во одредишното место.

Осигурувачот ше надомести штета настаната поради расипување на овошје, зеленчук и јужно овошје (со исклучок на конзервирано) во транспортот од било кои причини, како и штета настаната со расипување, трулење, поради неисправен термокинг на превозното средство од било кои причини, а под услови:

- стоката да се транспортира со соодветно транспортно средство и во вообичаена амбалажа;
- стоката пред натовар да е прегледана од страна на надлежен орган и да е прогласена здрава за човечка исхрана и за конкретниот транспорт да е издаден сертификат со сите клаузули предвидени со прописите;
- стоката да одговара на увозно-извозниот квалитет, според договорот за купопродажба.

Евентуалните штети се плативи без франшиза.

Штетата од расипување мора да биде констатирана со сертификат, од овластен хавариски комесар или овластен стручен орган во одредено место или во местото во кое штетата настанала пред да пристидне во одредиште.

Останатите услови и клаузули се исти со условите и клаузулите од Општите услови за осигурување стока во транспорт.

# УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА РИЗИКОТ РАСИПУВАЊЕ НА МЕСО ОД ЖИВОТНИ, ДИВЕЧ И ЖИВИНА

1. Осигурувачот се обврзува на осигуреникот да му надомести штета која може да настане во превозот од расипување поради неисправност на уредите за ладење на превозното средство и расипување поради пречекорување на рокот на превоз.
2. Месото е осигурано од ризикот расипување:
- ако, месото пред натовар на ладилникот било разладено до пропишаната температура, исцедено и на површината да има сува покожица;
- ако, натоварот на месото се врши во самиот ладилник или друг соодветен начин;
- ако, превозното средство било припремено за превоз на разладено месо;
- ако, се исполнети и други ветеринарно-санитарни услови и прописи за натовар на месо наменето за извоз;
- ако посебно се договори и плати соодветна премија, со осигурувањето може да бидат покриени и штети на месото од било кои причини.
3. Осигурувачот не е оврзан на осигуреникот да му надомести штети на место кои ќе настанат поради:
- пропусти на осигуреникот да постапи во смисла на одредбите од точка 2 на овие услови;
- природно својство на месото, освен доколку не е поинаку договорено;
- истовар на месото по истекување на рокот од став 4 и 5 на овие Услови, освен доколку поинаку не се договори.
4. Осигурувањето започнува во моментот кога во полисата опишаното месо заради натовар, ќе го мине прагот на складот односно ќе биде предадено за превоз и трае до преземањето на месото во определеното место, ако поинаку не е договорено.
5. Истоварот на месото мора да биде извршен најдоцна 24 часа по пристигнување во одредено место, освен во недела и празници кога рокот е 48 часа, под услови фрижидерот да работи.
6. Утврдување евентуална штета на месото се врши при истовар во присуство на превозникот, надлежен контролен орган и хавариски комесар. Ако штетата на месото ја минува 30% од сумата на осигурување, е должен да го извести осигурувачот за да учествува во утврдување на штетата.
7. Осигурувачот се обврзува на осигуреникот да му ја надомести штетата од осигурени ризици за делот кој го минува износот на договорената франшиза, ако поинаку не е договорено, но најмногу до сумата на осигурување на пратката.
8. Осигурувачот не е во обврска да надомести и штети поради:
- промена во бојата, мирисот и вкусот на месото, доколку поинаку не е договорено;
- намалена вредност на стоката, без да е остварен осигуран ризик;
- одбивање на пратката, без да е остварен осигуран ризик, ако поинаку не е договорено.

# СПЕЦИЈАЛНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА РИЗИКОТ РАСИПУВАЊЕ, НАДУВУВАЊЕ (БОМБАЖ) НА КОНЗЕРВИ ОД МЕСО, ОВОШЈЕ И ЗЕЛЕНЧУК, МЛЕЧНИ ПРОИЗВОДИ, ПРОИЗВОДИ ОД ЈАЈЦА И СЛИЧНИ ПРОИЗВОДИ ВО ТРАНСПОРТ

1. По овие услови осигурувачот е во обврска да надомести секоја штета на осигуреникот на предметната стока (конзерви) - настаната во транспорт поради ризикот расипување - надувување бомбаж (физичко и хемиско) како причина-последица на зголемената температура, за време на траење на транспортот, зголемување при манипулација (за време траење на натоварот, претоварот, истоварот) или други слични физички и механички оштетувања во текот на траење на осигурувањето;

2. Ако поинаку не е договорено покритието на ризикот бомбаж од точка 1 на овие услови се продолжува и трае:

- за полустерилни конзерви уште 90 дена од моментот кога купувачот ќе ја преземе стоката-конзервите од превозникот во определеното место означено во полисата, односно по испораката на стоката од консигнациониот склад во странство, а најдолго до пропишаниот рок за траење на конзервата;

3. Осигурвање на ризикот бомбаж според одредбите од точка 1 на овие услови се дава под услов за стоката во извоз да е издадено уверение од надлежниот санитарен инспектор за квалитетот и погодноста на стоката за човечка исхрана;

4. За оштетување, расипување - бомбаж и/или кондензирање н конзерви мора да биде издаден сертификат од надлежниот санитарен орган, овластена контролна куќа и/или хавариски комесар - овластен од осигурувачот;

5. Во посебни случаи, по изрично барање на осигуреникот, во осигурување по овие услови вклучен е и ризикот опасност по живот на потрошувачите од употреба - конзумирање на расипана конзерва во рокот од точка 2 на овие Услови;

6. Осигурување на стоката - конзервите во транспортот може да се даде само ако се осигурени сите транспортни ризици.

# СПЕЦИЈАЛНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ПРАТКИ НА ОПРЕМА ВО ТРАНСПОРТОТ

Покрај покритието од Општите и Посебните услови за осигурување стока во копнениот и поморскиот транспорт со овие услови покритието се проширува и осигурувачот е во обврска да ги надомести сите штети на инвестиционата опрема, што ќе настанат поради:

- кршење машини, апарати и делови;
- рѓа, корозија и оксидација.

Под услов опремата да е во вообичаена амбалажа и соодветен магацин и да се деловите од машините, апаратите и инструментите, кои подлежат на рѓа и корозија, да се заштитени со антикорозивни средства.

Ова осигурување започнува да тече според Општите и Посебните услови за осигурување стока во транспортот по копно и море и трае за невидливи штети, уште 12 месеци по истоварот на опремата во одредиштето и сместување во складот на приемачот, кој мора да одговара за чување на орема и мора да има организирана служба за чување од кражба се до монтирање.

Во случај опремата да стои подолго од 12 месеци осигуреникот е должен да побара продолжување на осигурувањето за натамошниот период на чување по истекот на 12 месеци.

Видливите штети се констатираат веднаш со записник во присуство на превозникот и приемачот, а невидливите при монтажата од страна на осигуреникот и осигурувачот.

Сите штети се плативи без франшиза.

# СПЕЦИЈАЛНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ПРАТКИ ШТО СЕ ПРЕВОЗАТ НА СОПСТВЕНИ ТРКАЛА (ПЕР АХ) ВО ДОМАШНИОТ И МЕЃУНАРОДНИОТ ТРАНСПОРТ

Ова осигурување почнува да тече од моментот кога во местото утврдено во полисата, пратката заради отпрема на приемачот, ќе ја преземе возач и трае се додека пратката, во одредиштето утврдено во полисата ја прими примачот или додека пратката се транзитира низ местото кое во полисата е утврдено како крајна точка на осигуреното патување, без оглед на тоа дали ќе го предаде возилото или не.

Со оваа полиса осигурувачот се обврзува да му ги надомести на осигуреникот, како што е веќе договорено, сите штети што ќе настанат на друмски шински возила кои целиот и на дел од осигуреното патување се превезуваат на сопствени тркала, а ќе настанат од:

- сообраќајна незгода (удар, судар, превртување, лизнување, пожар, експлозија освен атомска експлозија, гром, меќава, поплава, земјотрес, кражба на возилото или некои делови или опрема што му припаѓаат на возилото, оштетување на возилото од страна на трети лица, вдлабнување, ограбување.

Сите штети настанати од осигурените ризици се исплаќаат без одбитна франшиза.

Штетата мора да се констатира со записник составен помеѓу приемачот и возачот во присуство на хавариски комесар на осигурувачот.

# СПЕЦИЈАЛНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА РИЗИКОТ ОДБИВАЊЕ ВО ТРАНСПОРТ

1. По овие услови осигурувачот е во обврска да ги надомести сите штети на осигуреникот за стоката во извоз настаната поради одбивање на купувачот да ја прими стоката, намалената цена на стоката и сл. Заради тоа што стоката за време на осигуреното патување била оштетена од настанување на осигурени ризици, таа ги загубила договорените својства и квалитетот, од страна на овластена контролна куќа е огласена како неупотреблива, неадекватна и сл. Заради што мора да се продаде по намалена цена, да се врати на испраќачот, или да се огласи како неупотреблива заради избегнување непотребни трошоци околу враќањето на стоката или за предиспозиција на истата на друг пазар.

Надоместот на покритието од основ на осигурувањето по точка 1 од овие услови изнесува:

а) износот на фактурата односно осигурената вредност, во висина на осигурената вредност - во случај по извозот стоката да е оценета како непогодна да се уништи, исфрли во отпад и сл.
б) износот на разликата помеѓу фактурната вредност и постигнатата цена во продажба на истиот или некој друг пазар.

- кај случаи кога со експертиза е оценето дека стоката мора да се продаде по намалена цена било на ист или некој друг пазар и/или во земјата на испраќачот, ако дошло до враќањето на стоката во земјата на извозникот како и трошоците околу повторното сортирање, повторно пакување, повторно етикетирање и сл. трошоците за транспорт околу враќање на стоката во земјата или предиспозиција на друг пазар, ако тоа со експертизата било наредено.

Ова осигурување се дава под услов во полисата за осигурување да се покриени сите транспортни ризици.

# УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ВОЕНИ И ПОЛИТИЧКИ РИЗИЦИ ВО КОПНЕН ПРЕВОЗ

Член 1

1. Ако е договорено осигурувачот на осигуреникот ќе му исплати надомест за штета која на осигурената стока ќе настане поради:

- воени опасности: запленување, задржување, оштетување или уништување дое кое ќе дојде поради воени или слични настани без разлика дали војната е објавена или не;
- граѓанска војна или немир од неа предизвикан, побуна, преврат или востание или на нив слични настани;
- штрајк или прекин на работата, исклучување на работници, конфискација, секвестрација или злонамерно оштетување од политички причини или загуба предизвикана со дејство на било кои власти.

Член 2

1. Осигурувачот не е во обврска да му исплати на осигуреникот надомест на штета настаната при задржување во превозот, застој во патувањето, застој на сообраќајот, загуба на товарот, паѓање на вредноста на стоката, промена на релација на патувањето, складиштување или лежење на стоката предизвикано од настани спомнати во член 1 на овие услови;
2. Осигурувачот не е во обврска да му исплати на осигуреникот надомест на штета настаната поради забрана за увоз или извоз или од било кои други настани, до кои ќе дојде во обавување на работата на осигуреникот, предизвикана од настани од член 1 на овие услови;

Член 3

1. Осигурувањето започнува во моментот кога стоката ќе го мине прагот од складот на испраќачот, заради започнување на превозот и трае додека стоката не го мине прагот на складот на приемачот во одредено место, доколку не поинаку договорено;
2. Осигурувањето во секој случај, престанува по истек на 48 часа по пристигнувањето на стоката во одреденото место.

Член 4

1. Ако превозот на осигурената стока не започне ни по 7 дена од заклучување на договорот за осигурување, осигурувањето престанува со изминување на тој ден;
2. По исключок на одредбите од претходниот став, осигурувањето не престанува, ако осигуреникот побара осигурувањето да се продолжи и доплати премија за осигурување.

# УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА СТОКА КОЈА СЕ ПРЕВЕЗУВА СО КАМИОН

1. Осигурувачот ќе му ја надомести на осигуреникот целата загуба или оштеување на осигурената стока, која настанала поради сообраќајна незгода, временска непогода, оштетување на стоката поради губење на еден пакет, пожар, експлозија на моторот или резервоарот за гориво, неиспорака, целосна или делумна кражба, на колети ако стоката е товарена во отворен, или кражба ако стоката е во затворен камион, под услов возачот да има помошник, поради кражба или запленување на целиот камион со стоката;

2. Осигурувањето важи од моментот кога стоката ќе го мине прагот на јавното складиште или магацинот за натовар и престанува да важи кога стоката ќе го мине прагот на складиштето на примачот во местото на прием и тоа не подолго од 24 часа по пристигнување на стоката во местото на прием;

3. Осигурувањето не покрива никаква загуба или оштетување настанато поради неправилно пакување, недоволно пакување, природа на стоката (расипување, кршење, намалување на количината поради течење, сушење, загадување од штетници пред утоварот, пречки или било каков неред или против дејство на власта, или предизвикани оштетувања поради лоша намера, небрежност на патот на осигуреникот или од било кое лице кое работи во негово име (испраќач, утоварач итн).

КЛАУЗУЛА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ПРОТИВ СИТЕ РИЗИЦИ

Ова осигурување ги покрива сите штети кои настанале поради физички загуби или оштетување на осигурена стока, но во никој случај не смее да се смета дека ги покрива штетите кои настанале поради природното својство или маана на самата стока, груба небрежност на осигуреникот или лицето за кое тој одговара, како воен и политички ризик.

Штетите се исплаќаат без одбитна франшиза.

# УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ПРАТКИ ПРОТИВ СИТЕ РИЗИЦИ КОИ СЕ ПРЕВЕЗУВААТ СО АВИОН ИЛИ ПОШТА

Осигурувањето ги покрива сите ризици за физички загуби или оштетувања за време осигурениот превоз.

Од осигурување се исклучени загуби,оштетувања или трошоци настанати поради:

- лоша намера или груба небрежност на осигуреникот;
- недоволо ли несоодветно пакување;
- мраз, топлина или делување на времето, температурата, или промена на атмосферскиот притисок;
- одлагање на превозот, внатрешни маани илисвојства на осигурениот предмет.

Осигурувањето започнува од моментот на предавање на праткaта на воздухопловното претпријатие или пошта со прописна потврда и трае се до моментот на испорака на приемачот од страна на воздухопловното претпријатие односно пошта.

Евентуални штети се надоместуваат без франшиза.

# УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ПОШТЕНСКИ ПРАТКИ ОД СИТЕ РИЗИЦИ

Ова осигурување ги покрива физичките загуби и оштетувања настанати од сите ризици на кои пратките се изложени за времетраење на осигурувњето со исклучок на загуби и оштетувања настанати непосредно поради природните својства или внатрешните маани на пратките.

Од осигурување се исклучени штетите ки настанале како последица од војна и политички ризици, вклучувајќи го ризикот штрајк, или поради груба небрежност и пропуст на осигуреникот.

Осигурувањето започнува од моментот на предавањето на пратката на поштата со прописна потврда и престанува во моментот на предавањето на пратката на приемачот од страна на поштата.

Штетите се надоместуваат без франшиза.

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА РИЗИКОТ ОДМРЗНУВАЊЕ

По овие услови осигурувачот ја покрива штетата, која ќе настане на смрзнатата стока поради одмрзнување од непозати причини.

Причината и висината на штетата мора записнички да ја утврди стручно лице.

За се останато важат одредбите од општите услови за осигурување стока во превоз.

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА РИЗИКОТ ЗАГРЕВАЊЕ ИЛИ ПОТЕЊЕ

По овие услови осигурувачот покрива штета, која ќе настане од загревање или потење, но само под услов, стоката во моментот на и на крајот на натоварот да биде прегедана од вештак, или стручна организација и да биде утврдено, дека стоката е подобна за превоз.

Штетата, која ќе настане поради осигуран ризик мора да биде утврдено со официјален сертификат издаден од контролна куќа или од хавариски комесар кој е одреден од осигурувачот за секој случај посебно.

За се останато важат одредбите од општите услови за осигурување стока во превоз.

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА РИЗИКОТ СТВРДНУВАЊЕ

Со овие Услови осигурувачот покрива штета, која ќе настане поради стрднување на стоката како последица на природната особина (маана) на стоката, но под услов, осигуреникот да употребува тестирана амбалажа и пратката да се превезува на начин, кој за тоа го одредил вешто лице пред да биде отпремена стоката.

За се останато важат одредбите од Општите услови за осигурување стока во превоз.

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА РИЗИКОТ САМОЗАПАЛУВАЊЕ

Со овие услови осигурувачот ја покрива штетата, која ќе настане на стоката поради самозапалување.

Осигурената стока пред натоварувањето на превозното средство мора да биде прегледана од стручњак и записнички да биде утврден квалитетот и подобноста на стоката за превоз.

Причината и обемот на штетата мора да ја утврди вешто лице.

За се останато важат одредбите од општите услови за осигурување стока во превоз.

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА РИЗИКОТ ОШТЕТУВАЊЕ НА ЕТИКЕТИ

По овие услови осигурувачот ја покрива штетата, што ќе настане поради уништување, згмечување, замастување и поради растопување на лепилото на налепените етикети.

Осигурувачот надоместува само трошоци за сортирање на стоката и за повторно етикетирање.

Услов за склучување на ова осигурување, пратката на стоката да има минимум 10% резерва на етикетите.

За се останато важат Општите услови за осигурување пратки во превоз.

## ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА УМЕТНИЧКИ ПРЕДМЕТИ ЗА ВРЕМЕ НА ПРЕВОЗОТ

По овие услови осигурувачот ја покрива штетата, која ќе настане на уметнички предмети (слики, склуптури итн.), поради кршење или други механички оштетувања, но под услов, уметничките предмети, слично да се пакувани на соодветен начин, во соодветна амбалажа и да се превезуваат со пригодни превозни средства.

Осигурената вредност на уметничките предмети ја одредува осигуреникот и затоа осигурувчот не е должен да ја провери вистинската вредност на осигурените предмети.

Во случај на штета, за која по мнение на соодветен стручњак може да се поправи уметничкиот предмет, осигурувачот ги надоместува трошоците за поправката и загубената вредност, кога уметничкиот предмет и покрај поправката загубил на вредност.

Доколку поправката по мислење на стручното лице не е можна, осигурувачот ќе ја надомести штетата, но само во висина на осигурената вредност на тој предмет, а према списокот на осигурените предмети.

За се останато важат одредбите од општите услови за осигурување на стока во транспорт.

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ПРАТКИ, ВО ДРУМСКИОТ СООБРАЌАЈ КОИ ГО МЕНУВААТ ОДРЕДЕНИОТ ОБЛИК И ТЕЖИНА (ГАБАРИТ)

По овие услови осигурувачот ја осигурува и штетата на стоката која по облик и тежина, ја минува, со прописите за јавен сообраќај, максимално дозволената тежина и профил, освен во случај кога предметите сам ги превезува осигуреникот со свои превозни средства на возачот на специјалните друмски сообраќајни прописи за дозволениот габарит за време на превозот (непочитување на сообраќајните знаци за предупредување на висината, ширината и носивоста на патно-сообраќајниот објект).

За се останато важат одредбите од општите услови за осигурување стока во транспорт.

# СПЕЦИЈАЛНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ОДГОВОРНОСТ НА СОПСТВЕНИК ОДНОСНО КОРИСНИК НА ВОЗДУХОПЛОВ ПОРАДИ ХЕМИСКИ РИЗИЦИ

1. Предмет на осигурување е осигурување одговорност на сственикодносно корисник на воздухоплов од хемиски ризици при авиотретирање на земјоделски и шумски површини со хемиски средства;
2. Осигурувачот ќе му исплати надоместок на штета на осигуреникот за сите износи кои овој треба да ги плати на трети лица на име надомест на штета предизвикана со хемиски средства при авиотретирањето на површини спомнати во став 1, поради:

а) смрт, повреда на телото и здравјето на трети лица настанати како резултат од употребата на хемиски средства при авиотретирањето;
б) уништување и оштетување на имотот на трети лица кои настанале како директна последица од употребените хемиски средства при авиотретирањето;

3. Договорената вредност претставува максимална обврска на осигурувачот;
4. Осигурувачот се обврзува да надомести трошоци за спор кој е воден со негова согласност поради неоправдани или преголеми барања на оштетените, а со цел да се намали обврската на осигуреникот. Ако осигуреникот со пресуда е задолжен да плати износ кој ќе ја минува осигурената вредност, осигурувачот ќе му надомести само сразмерен дел на осигурената вредност и од трошоците на спорот;
5. Со осигурувањето не се покриени барања за настанати штети:

- на третираните површини;
- во појас од 50м широчина од третираната површина;
- на имотот на корисникот на авиотретирањето;
- поради смрт, повреда на телото и здравјето на трети лица непосредно ангажирани на работа на нарачателот на авиотретирањето како од осигуреникот така и од корисникот на авиотретирањето;
- поради груба небрежност или лоша намера на осигуреникот, пилотот и членовите на посадата.

6. Осигурувачот е во обврска:

а) да се придржува на прописите на надлежните органи, наредбите и барањата на локалните здруженија за времето и местото на авиотретирањето;
б) на соодветен начин да го запознае локалното население, пчеларските и ловечките здруженија за времето и местото на авиотретирањето;
ц) управувањето на воздухопловот да му го довери на пилот кој поседува специјална дозвола за управување со воздухоплов за време на третирање;
д) премијата за осигурување да ја плати на осигурувачот во рок од 15 дена од денот на приемот на полисата и фактурата.

7. Одговорноста на осигуреникот за настанатата штета, по обем и висина да се констатира спогодбено со оштетениот или преку суд. Признанието на осигуреникот за одговорноста или висината на штетата без претходна согласност на осигурувачот, истиот не го обврзува, освен ако се работи за видливи штети;
8. Осигурувачот е должен комплетираното оштетно барање да го ликвидира и исплати во рок од 15 дена од денот на приемот на сите доказни документи;
9. Во случај на спор, надлежен суд е судот во седиштето на осигурувачот.

# СПЕЦИЈАЛНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ОДГОВОРНОСТ НА СОПСТВЕНИК ОДНОСНО КОРИСНИК НА ВОЗДУХПЛОВ ЗА ШТЕТА ПРЕМА ТРЕТИ ЛИЦА

1. Предмет на осигурување по овие Специјални услови е одговорноста на сопственикот односно корисникот на воздухопловот за штета спрема трети лица при употреба на воздухопловот;
2. Осигурувачот се обврзува во случај на штета дека ќе му ги надомести на осигуреникот сите износи кои тој ќе мора да ги плати на трети лица на име обештетување за штета настаната од поседување или користење на воздухопов поради:

- смрт, повреда на телото и здравјето;
- оштетување на имотот.

(во осигурувањето е вклучена и одговорноста на заповедникот на воздухоповот, пилотот и посадата)

3. Обврската на осигурувачот е ограничена до осигурената вредност по секој осигурен настан, без оглед на бројот на оштетените;
4. Осигурувачот е во обврска да ги плати и трошоците за спор кој се води со негова согласност. Доколку осигуреникот по пресудата мора да плати поголем износ од осигурената вредност тогаш осигурувачот во трошоците на спорот ќе учествува сразмерно на осигурената вредност;
5. Од осигурувањето се иземени оштетни побарувања на патници, заповедникот, пилотот и посадата, работници вработени кај осигуреникот за време додека ја обавува службата должност или работата околу воздухопловот. Од осигурувањето е иземено имотот кој му припаѓа на осигуреникот или кој кај него се наоѓа на користење или е на превоз. Осигурувачот не е во обврска да надоместува штета по оштетно барање од хемиски ризик при авиотретирање на земјоделски и шумски површини.
6. За утврдување на одговорност за штета према трети лица надлежен орган за цивилно воздухопловство или суд;
7. Осигурениковото признавање на одговорност не го обврзува осигурувачот, освен ако се работи за очигледни случаи;
8. Осигурувачот е должен комплетираното оштетно барање да го реши во рок од 15 дена од денот на приемот на сите доказни инструменти;
9. Осигуреникот е должен премијата за осигурување да ја плати во рок од 15 дена од денот на приемот на полисата за осигурување;
10. Во случај на спор надлежен е судот во седиштето на осигурувачот.